# ОСВРТИ

Михајло МИНОСКИ

## ИСТОРИСКАТА НАУКА ВО МАКЕДОНСКАТА ТЕКОВНА БИБЛИОГРАФИЈА (1951—1971)

Првата книга од „Македонската тековна библиографија" беше публикувана во 1951 година[1]). Со тоа Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски" (тогаш Народна библиотека[2]) го означи почетокот на систематското следење, собирање[3]), чување, библиотечно и библиографско обработување и публикување на книжната продукција во Републиката. Во предговорот на Редакцискиот одбор[4]) скромно, но доволно амбициозно беа зацртани основните цели на кои треба да им служи и задачите на кои треба да одговори македонската тековна библиографија:

1. Да претставува биланс на целокупната издавачка продукција во СР Македонија,

2. Пред општественоста, пред сè нашата сопствена, да ги презентира достигањата во науката, литературата, културата и општестгениот живот во СРМ, како

---

[1]) Македонска библиографија. Од ослободувањето до крајот на 1949 година I дел. Книги брошури, музикалии, албуми. II дел. Статии од списанија. Составила Нада Петрова. — Скопје, Народна библиотека, 1951, 154.

[2]) Президиумот на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија на 23 ноември 1944 година, во с. Горно Врановци, донесе решение за формирање на Народна библиотека.

[3]) Со решение на АСНОМ од 18 јануари 1945 година беше регулирано Народната библиотека да добива задолжителен примерок. (Ѓорѓи Шоптрајанов, Библиотечното дело кај нас. — „Просветно дело", Скопје, 1945, бр. 6, с. 4; Андон Андоновски, Библиографија за дејноста на библиотеката. — Триесет години Народна и универзитетска библиотека.—Скопје, 1976, с. 100). Добивањето на задолжителен примерок од другите републики беше регулирано со сојузна одлука од 6 февруари 1945 година (Андон Андоновски, Библиографија за дејноста на библиотеката, с. 100) За одлуката за задолжително доставување на печатени работи на Народната библиотека во Скопје види: „Службен весник на Народна Република Македонија", 1953/IX, бр. 35, с. 329.

[4]) Во состав: проф. Епаминонда Папандонов и д-р., вон. проф. Харалампие Поленаковиќ.

и да го помага и поттикнува целокупното творештво, а посебно научното творештво.[5]) Библиографијата беше наменета, пред сè, за „научните и културните работници и општественици, на кои ќе им го олесни барањето на материјалот од нашата творечка дејност, а и на сите оние што сакаат да се запознаат со нашиот и општествениот живот".[6])

Колку и како одговори на поставените задачи „Македонската тековна библиографија" во предметниот период од дваесет години, ќе се обидеме да извлечеме одговор на примерот на историската наука. Во таа смисла ние си поставивме за задача: проследувајќи ги податоците за публикуваните книги и прилози од периодичните публикации од „Македонската тековна библиографија", за годините до 1971 година и со споредување на тие податоци со податоците прибрани од други публикации од македонската историографија, да покажеме како и колку е претставена македонската историска наука, односно во која мера е прикажан нејзиниот растеж и извонредно значајните услови во проучувањето и расветлувањето на богатото минато на македонскиот народ и народностите. Кон тоа уште би додале и како и колку се претставени и странските историографии со нивното објективно научно проучување на одделни прашања од историското минато на македонскиот народ. „Македонската тековна библиографија" можше, може и треба да одговори на својата функција и со оглед на бројот на ангажираните кадри на нејзиното подготвување, комплексно и на адекватен начин да ја презентира присутноста и на странските историографии во македонските научни и стручни списанија и други публикации, односно во целокупната македонска издавачка продукција.

Пред да премине кон изнесувањето на конкретните податоци, ќе спомeнеме дека материјалот во „Македонската тековна библиографија" е подреден, со исклучок на првата книга, по системот на децималната класификација. Тој систем, според нашето мислење, барем што се однесува до презентирањето на историската наука, не е најсреќно решение. Пред сè, поради фактот што води кон распарчување на историската материја на различни места (во повеќе групи) и што истиот дава широки можности за субјективно определување со евидентни разлики и кај специјалистите (историчари), а уште повеќе кога и доколку систематизирањето го вршат библиотечни работници од други профили. Сето тоа го усложнува доаѓањето до целосни податоци и за материјата во самата библиографија, така што нејзиното користење е недоволно и нецелосно, односно не секогаш може бараните податоци да

[5]) Македонска библиографија од ослободувањето до крајот на 1949 година, предговор. Се потпираме на предговорот, поради непостоење на документација. За таа проблематика во Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски", во која, за жал, и денес сè уште не постои.

[6]) Македонска библиографија од ослободувањето до 1949 год., предговор.

ќе најдат на вистинското место.[7]) Покрај тоа, не постои хронолошки регистер што, секако, е во врска со фактот дека во Библиотеката не е решено прашањето за периодизација на македонската историја за потребите на библиотечното работење.[8]) Инаку, прашањето за периодизација на македонската историја во нашата историска наука беше предмет на разгледување, а го актуелизира уште во 1955 година проф. Љубен Лапе.[9])

И покрај сето тоа „Македонската тековна библиографија" претставува мошне значаен информативен прирачник од прва рака за научната, стручната и популарната литература публикувана во Социјалистичка Република Македонија. Таа дава можност да се проследи развитокот на историската наука во СРМ од првите почетоци, да се согледа брзиот растеж, за кое речито зборуваат податоците за бројот на објавените научни и стручни трудови и други прилози со историска проблематика од 1945 до 1970 година.[10])

| Македонска библиографија за годините | монографии | статии | Вкупно: |
|---|---|---|---|
| до 1949 год. | 15 | 9 | 24 |
| 1950 — 1951 | 23 | 5 | 28 |
| 1952—1953 | 20 | 9 | 29 |
| 1954 — 1955 | 28 | 16 | 44 |
| 1956 — 1957 | 12 | 39 | 51 |
| 1958 — 1959 | 17 | 54 | 71 |
| 1960—1961 | 27 | 69 | 96 |
| 1962 — 1963 | 41 | 63 | 104 |
| 1964 — 1965 | 33 | 113 | 146 |
| 1966 — 1967 | 60 | 168 | 228 |
| 1968 — 1969 | 117 | 197 | 314 |
| 1970 — 1971 | 113 | 177 | 290 |
| | 506 | 919 | 1425 |

Растежот на историската наука на СРМ е повеќе од очигледен. Ако до 1949 година, според годините, показатели беа публикувани 15 монографии, за само десет години потоа, во 1969 го-

[7]) Податоци за тоа колку, како и од која категорија корисници е ползувана Македонската тековна библиографија немаме. Тоа прашање бара посебно проучување. Истото тоа се однесува и за прашањето за најадекватното презентирање односно подредување на материјалот во библиографијата.

[8]) Не само за библиографската туку и за библиотечната обработка на историската литература, за децималниот и за предметниот каталог.

[9]) Љубен Лапе, Прилог кон прашањето за периодизацијата на историјата на македонскиот народ. — Сп. Историја, 1965/I, бр. 2, с. 18—28. При периодизацијата на македонската историја проф. Љубен Лапе се раководи од општествено-историскиот процес, водејќи притоа сметка за културното наследство на македонскиот народ. И како резултат на сето тоа се одбележени негде со повеќе а негде со помалку поединости, главните периоди на историскиот развиток на македонскиот народ од најстаро време до наши дни" (с. 21). За периодизацијата на најновата историја на македонскиот народ види: Владимир Брезовски, Прилог кон периодизацијата на ослободителната војна во Македонија. — Сп. Историја, 1971/VII, бр. 2, с. 53—69.

[10]) Во вкупниот број се содржат податоци за трудовите од историјата на македонскиот народ подредени: во историја, помошни историски науки, биографии (се разбира тие што се однесуваат на историски личности), политика, главно трудови посветени на македонското национално прашање, од воената историја, миграциите, односно тоа што, според нашето мислење, е дело на македонската историска наука.

дина нивниот број порасна за околу 8 пати, на статиите за околу 22 пати или на вкупниот број на трудови за 13 пати. Податоците за следните години се уште поимпресивни. Тоа е во непосредна врска со порастот на бројот на нашите научни кадри од историската наука, како и на културните и просветните работници и општественици, кои обработуваат и прашања од македонската историја, во изминатите години на слободен национален живот. Сето тоа, пак, е во директни врски со перманентниот економски и општествен развиток на СР Македонија и на, така да се каже приоритетните вложувања на нашата заедница во сферата на образованието, науката и културата. Така, ако во 1949 година беа издавани само 3 списанија[11]), во кои беа публикувани трудови од историјата на македонскиот народ, се разбира од македонски научни и културни работници, 25 години подоцна, во 1970 година веќе постоеја 51 списание[12]).

Меѓутоа, според нашите согледувања, врз основа на извршениот увид и со анализирањето на податоците од македонската тековна библиографија, македонската библиографија не дава комплетни податоци за целосно претставување на македонската историска наука. Имено, заклучно со 1971 година, дојдовме до податок за 1425 трудови (библиографски единици) од македонската историска наука, додека, пак, според македонската историографија, во истиот период се публикувани 3633 трудови[13]). За тоа има повеќе причини. Пред се, различниот критериум при вклучувањето на материјалот и нецелосната опфатеност во македонската тековна библиографија на периодичните публикации, во кои се публикувани трудови од македонската историска наука. Ако за првите години по ослободувањето постоеја оправдани објективни причини: „Издавачките претпријатија не доставувале на Народната библиотека многу од издадениот материјал, задолжителниот примерок слабо функционирал, а самата библиотека немала можност сама да го набави"[14]), тоа не би можело да се прифати и за подоцна, особено по 20 и повеќе години дејност. Кон сето тоа би додале дека ни до денес не се публикуваат дополнувања кои првите книги на библиографијата за публикуваните материјали добиени или пронајдени подоцна, односно за кои се прибавени податоци дополнително.

Врз основа на сето тоа што претходно го изнесовме во врска со историската наука на СР Македонија во македонската тековна библиографија, се наметнуваат и одредени заклучоци:

1. Македонската тековна библиографија претставува многузначаен информативен прирачник за историската наука во СР Македонија, која дава можност да се проследи перманентниот растеж од самиот почеток во првите де-

---

11) Македонска библиографија од ослободувањето до 1949 год.
12) Historiographi de Macedoine II. Skopje, 1970, p. 561.
13) Ibidem.
14) Македонска библиографија од ослободувањето до 1949 год.,

нови на слободен национален живот и македонска државност. Да се согледаат извонредно значајните успеси на македонската историска наука, во проучувањето и научното расветлување на богатото историско минато на македонскиот народ и народностите.

2. Македонската библиографија го помага и поттикнува научното творештво на историската наука на СРМ.

3. Библиографијата дава можност да се согледа интересот и придонесот на странските научни работници за објективно научно обработување на одредени прашања од и во врска со македонската национална историја преку нивните трудови публикувани во македонските списанија и посебните публикации, во зборници на материјали од одржаните научни собири во СР Македонија.

4. Да се согледаат врските на македонскиот народ со другите народи како во минатото така и во најново време, а притоа секако и научно-културните контакти.